**19** Прочитај ги и запиши ги децималните броеви со цифри дадени во табелата на месни вредности.

| си | ди | и | с | д | е | | д | с |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 4 | 3 | , | 4 | 4 |
| | | 3 | 8 | 0 | 6 | , | 2 | 9 |
| | | | 5 | 8 | 4 | , | 0 | 6 |
| | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | , | 1 | |
| 3 | 5 | 6 | 9 | 2 | 4 | , | 7 | |
| | | | 5 | 8 | 3 | , | 8 | |
| | | | | | | | | |

**20** Запиши ги како децимални броеви дропките $\frac{25}{100}$; $\frac{44}{100}$; $\frac{90}{100}$ и претстави ги во табела со месните вредности на целите и децималните места.

**21** Запиши го децималниот број што содржи:

а) 9 цели и 6 десеттинки
б) 0 цели и 16 стотинки
в) 25 цели и 8 стотинки
г) 420 цели и 45 стотинки
д) 83 цели и 1 десеттинка

**22** Запиши ги броевите со децимален запис.

а) Три цели и две десеттинки
б) Дваесет и пет цели и три стотинки
в) Пет цели, седум десеттинки и една стотинка
г) Две цели, четири стотинки и осум илјадинки
д) Три цели, две десеттинки, една стотинка и пет илјадинки
ѓ) Четири цели, пет десеттинки и девет илјадинки

**23** Од 1000 ученици во училиштето, 580 се момчиња. Запиши го со децимален број делот што се состои од:

а) момчиња
б) девојчиња

# Споредување и подредување броеви

**1** Употреби еден од знаците „<“, „=“ или „>“ за да биде точно:

а) 67 ____ 76
б) 9999 ____10000
в) 654210 ____ 654210
г) 37676 ____36767

**2** Една низа од броеви ја сочинуваат сите броеви чија цифра на единици е 4. Запиши ги броевите во низата. Кој елемент е најмал, а кој најголем во таа низа?

**3** Подреди ги броевите по големина почнувајќи од најмалиот.

а) 325; 253; 523; 352; 235
б) 1280; 2140; 1028; 4210; 4021
в) 65800; 65200; 65384; 65193; 65694
г) 728222; 782222; 827222; 278222; 287222

**4** Подреди ги броевите по големина почнувајќи од најголемиот.

а) 480; 840; 340; 430; 380
б) 6960; 9660; 6690; 9066; 9606
в) 25515; 51525; 15255; 25551; 52551
г) 889999; 899998; 989998; 899899; 999899

**5** Ако Аднан е повисок од Кире, Кире е повисок од Јана, Јана е пониска од Аднан и Семра е повисока од Аднан, подреди ги децата по висина од највисокото до најниското.

**6** Дадени се броевите 10, 40, 70, 80, 100, 110, 130, 140, 150, 170, 190. На бројните оски претстави го секој број на соодветното место.




**7** Пополни ги празните полиња со броевите што недостигаат.

